Врз основа на член 36 став 1 точка 5 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 05/02), член 17 од Законот за јавни претпријатија („Сл. весник на РМ“ бр. 38/96.......64/18) и член 70 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр. 10/05 и 17/08), Советот на Општината Битола на седницата одржана на 07.09.2018 година, донесе

## Р Е Ш Е Н И Е
## за разрешување и именување членови во Управниот одбор на ЈКП „Водовод“ Битола

1. Од Управниот одбор на ЈКП „Водовод“ Битола, се разрешуваат:

- Менка Јовановска, Златко Алексовски, Горан Долевски, Стојан Георгиевски и Петро Џима

СЕ ИМЕНУВААТ:

- Наташа Гроздановска, дипл.маш.инж.
- Цане Стојковски, дипл. економист
- Билјана Бучковска, дипл.економист
- Пеце Ласковски, дипл.економист и
- Анита Главевска, дипл.инг. за храна.

2. Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр.09-124/18 ПРЕТСЕДАТЕЛ
07.09.2018 г. на Советот на Општината Битола
Б и т о л а Валентин Груевски

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ” бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола” бр. 10/05 и 17/08), донесувам

## З А К Л У Ч О К
## за објавување на Решението за разрешување и именување членови во Управниот одбор на КЈП „Нискоградба“ Битола

1. Го објавувам Решението за разрешување и именување членови во Управниот одбор на КЈП „Нискоградба“ Битола, донесено на седницата на Советот на Општината Битола одржана на 07.09.2018 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр. 08-720/17 ГРАДОНАЧАЛНИК
12.09.2018 год. на Општината Битола,
Б и т о л а м-р Наташа Петровска

Врз основа на член 36 став 1 точка 5 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 05/02), член 17 од Законот за јавни претпријатија („Сл. весник на РМ“ бр. 38/96.......64/18) и член 70 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр. 10/05 и 17/08), Советот на Општината Битола на седницата одржана на 07.09.2018 година, донесе

## Р Е Ш Е Н И Е
## за разрешување и именување членови во Управниот одбор на КЈП „Нискоградба“ Битола

1. Од Управниот одбор на КЈП „Нискоградба“ Битола, се разрешуваат:

- Билјана Лукиќ, Пеце Матевски, Јасна Рапешановска и Јасмина Кочевска

СЕ ИМЕНУВААТ:

- Зоран Наумовски, дипл.маш.инж.
- Владо Најдовски, дипл. економист
- Ѓорги Тасевски, дипл.економист и
- Кристијан Кочевски, дипл.економист

2. Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр.09-124/19 ПРЕТСЕДАТЕЛ
07.09.2018 г. на Советот на Општината Битола
Б и т о л а Валентин Груевски

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ” бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола” бр. 10/05 и 17/08), донесувам

## З А К Л У Ч О К
## за објавување на Решението за именување членови во Локалниот совет за волонтерство на Општина Битола

1. Го објавувам Решението за именување членови во Локалниот совет за волонтерство на Општина Битола, донесено на седницата на Советот на Општината Битола одржана на 07.09.2018 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр. 08-720/18 ГРАДОНАЧАЛНИК
12.09.2018 год. на Општината Битола,
Б и т о л а м-р Наташа Петровска

Врз основа на член 36 став 1 точка 5 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 05/02) и член 70 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр. 10/05 и 17/08), Советот на Општината Битола на седницата одржана на 07.09.2018 година, донесе

## Р Е Ш Е Н И Е
## за именување членови во Локалниот совет за волонтерство на Општина Битола

1. Во Локалниот совет за волонтерство СЕ ИМЕНУВААТ:

- Ана Трифуновска, студент на Правен факултет
- Гордана Анастасова, наставник во ОУ „Кл. Охридски“ Битола
- Мирјана Гичевска, психолог во Гим. „Таки Даскало“ Битола

- Марија Мерковска, наставник по англиски јазик
- Светлана Папачек, ПТТ техничар
- Менде Секуловски, дипл. правник
- Виктор Илиев, информатичар
- Виолета Налевска, од редот на вработените и
- Васко Колевски, студент.

2. Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр.09-124/20 ПРЕТСЕДАТЕЛ
07.09.2018 г. на Советот на Општината Битола
Б и т о л а Валентин Груевски

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ” бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола” бр. 10/05 и 17/08), донесувам

## З А К Л У Ч О К
## за објавување на Решението за давање согласност на Регионалниот ресурсен центар за слепи лица и лица со оштетен вид за користење на името „БИТОЛА“

1. Го објавувам Решението за давање согласност на Регионалниот ресурсен центар за слепи лица и лица со оштетен вид за користење на името „БИТОЛА“, донесено на седницата на Советот на Општината Битола одржана на 07.09.2018 година.
2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр. 08-720/19 ГРАДОНАЧАЛНИК
12.09.2018 год. на Општината Битола,
Б и т о л а м-р Наташа Петровска

Врз основа член 9, став 2 од Законот за здруженија и фондации („Службен гласник на Општината Битола“ бр. 52/10.....55/16), член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и член 70 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр. 10/05 и 17/08), Советот на Општината Битола на седницата одржана на 07.09.2018 година, донесе

## РЕШЕНИЕ
## за давање согласност на Регионалниот ресурсен центар за слепи лица и лица со оштетен вид за користење на името „БИТОЛА“

1. СЕ ДАВА СОГЛАСНОСТ на Регионалниот ресурсен центар за слепи лица и лица со оштетен вид за општините Битола, Ресен, Демир Хисар, Новаци и Могила, за користење на името „БИТОЛА“.
2. Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе биде објавено во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр.09-124/21 ПРЕТСЕДАТЕЛ
07.09.2018 г. на Советот на Општината Битола
Б и т о л а Валентин Груевски

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ” бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола” бр. 10/05 и 17/08), донесувам

## З А К Л У Ч О К
## за објавување на Одлуката за утврдување на потреба за донесување на урбанистичко планска документација со која ќе се изврши проширување на планскиот опфат и вклопување на бесправните објекти изградени во КО Дихово во идна урбанистичко планска документација

1. Ја објавувам Одлуката за утврдување на потреба за донесување на урбанистичко планска документација со која ќе се изврши проширување на планскиот опфат и вклопување на бесправните објекти изградени во КО Дихово во идна урбанистичко планска документација, донесена на седницата на Советот на Општината Битола одржана на 07.09.2018 година.
2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр. 08-720/20 ГРАДОНАЧАЛНИК
12.09.2018 год. на Општината Битола,
Б и т о л а м-р Наташа Петровска

Врз основа на член 2 став 2 од Правилникот за стандарди за вклопување на бесправни објекти во урбанистичко планска документација („Сл. Весник на РМ“ бр. 56/2011......52/16) и член 70 од Статутот на Општината Битола („Сл. Гласник на Општината Битола“ бр. 10/05 и 17/08), Советот на Општината Битола на седницата одржана на 07.09.2018 година, донесе

## О Д Л У К А
## за утврдување на потреба за донесување на урбанистичко планска документација со која ќе се изврши проширување на планскиот опфат и вклопување на бесправните објекти изградени во КО Дихово во идна урбанистичко планска документација

### Член 1

Со оваа Одлука се утврдува потреба од донесување на урбанистичко планска документација со која ќе се изврши проширување на планскиот опфат и вклопување на бесправните објекти со намена А-домување во идна урбанистичко планска документација:

УП 1 бр.27-9776/2011, **КП бр.726/4 КО Дихово**
(Ристо Наумовски) згр. бр.1 (А1-1)
згр. бр.5 (ПП)
згр. бр.9 (ПП)
згр. бр.3 (А1-1)
згр. бр.4 (ПП)
згр. бр.6 (ПП)

УП 1 бр.27-856/2016, **КП бр.653/2 КО Дихово**
(Стојанка М.Поповска) згр. бр.1 (А-1)

УП 1 бр.27-520/2016, **КП бр.1037/1 КО Дихово**
(Мирче Ѓорѓиевски) згр. бр.1 и 2 (А1-1)

### Член 2

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе биде објавена во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр.09-124/22 ПРЕТСЕДАТЕЛ
07.09.2018 г. на Советот на Општината Битола
Б и т о л а Валентин Груевски

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ” бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола” бр. 10/05 и 17/08), донесувам

## З А К Л У Ч О К
## за објавување на Одлуката за утврдување на потреба за донесување на урбанистичко планска документација со која ќе се изврши проширување на планскиот опфат и вклопување на бесправните објекти изградени во КО Крклино во идна урбанистичко планска документација

1. Ја објавувам Одлуката за утврдување на потреба за донесување на урбанистичко планска документација со која ќе се изврши проширување на планскиот опфат и вклопување на бесправните објекти изградени во КО Крклино во идна урбанистичко планска документација, донесена на седницата на Советот на Општината Битола одржана на 07.09.2018 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр. 08-720/21 ГРАДОНАЧАЛНИК
12.09.2018 год. на Општината Битола,
Б и т о л а м-р Наташа Петровска

Врз основа на член 2 став 2 од Правилникот за стандарди за вклопување на бесправни објекти во урбанистичко планска документација („Сл. Весник на РМ“ бр. 56/2011......52/16) и член 70 од Статутот на Општината Битола („Сл. Гласник на Општината Битола“ бр. 10/05 и 17/08), Советот на Општината Битола на седницата одржана на 07.09.2018 година, донесе

## О Д Л У К А
## за утврдување на потреба за донесување на урбанистичко планска документација со која ќе се изврши проширување на планскиот опфат и вклопување на бесправните објекти изградени во КО Крклино во идна урбанистичко планска документација

### Член 1

Со оваа Одлука се утврдува потреба од донесување на урбанистичко планска документација со која ќе се изврши проширување на планскиот опфат и вклопување на бесправните објекти со намена А-домување во идна урбанистичко планска документација:

УП 1 бр.27-9998/2011, **КП бр.1477/1 КО Крклино**
(Милан Богдановски) згр.бр.2 (А1-1)

УП 1 бр.27-5041/2011**, КП бр.1512/5 КО Крклино**
(Николче Роговски) згр.бр.1 (А1) и бр.2 (ПО)

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе биде објавена во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр.09-124/23 ПРЕТСЕДАТЕЛ
07.09.2018 г. на Советот на Општината Битола
Б и т о л а Валентин Груевски

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ” бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола” бр. 10/05 и 17/08), донесувам

## З А К Л У Ч О К
## за објавување на Одлуката за утврдување на потреба за донесување на урбанистичко планска документација со која ќе се изврши проширување на планскиот опфат и вклопување на бесправните објекти изградени во КО Лопатица во идна урбанистичко планска документација

1. Ја објавувам Одлуката за утврдување на потреба за донесување на урбанистичко планска документација со која ќе се изврши проширување на планскиот опфат и вклопување на бесправните објекти изградени во КО Лопатица во идна урбанистичко планска документација, донесена на седницата на Советот на Општината Битола одржана на 07.09.2018 година.
2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр. 08-720/22 ГРАДОНАЧАЛНИК
12.09.2018 год. на Општината Битола,
Б и т о л а м-р Наташа Петровска

Врз основа на член 2 став 2 од Правилникот за стандарди за вклопување на бесправни објекти во урбанистичко планска документација („Сл. Весник на РМ“ бр. 56/2011......52/16) и член 70 од Статутот на Општина Битола (Сл. Гласник на Општина Битола бр. 10/05 и 17/08), Советот на Општината Битола на седницата одржана на 07.09.2018 година, донесе

## О Д Л У К А
## за утврдување на потреба за донесување на урбанистичко планска документација со која ќе се изврши проширување на планскиот опфат и вклопување на бесправните објекти изградени во КО Лопатица во идна урбанистичко планска документација

**Член 1**

Со оваа Одлука се утврдува потреба од донесување на урбанистичко планска документација со која ќе се изврши проширување на планскиот опфат и вклопување на бесправниот објект со намена А-домување во идна урбанистичко планска документација:

УП 1 бр.27-5625/2011**, КП бр.1607 КО Лопатица**
(Цане Нечоски) згр.бр.2 и 3 (А5-4)

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе биде објавена во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр.09-124/24 ПРЕТСЕДАТЕЛ
07.09.2018 г. на Советот на Општината Битола
Б и т о л а Валентин Груевски

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ” бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола” бр. 10/05 и 17/08), донесувам

## З А К Л У Ч О К
## за објавување на Одлуката за утврдување на потреба за донесување на урбанистичко планска документација со која ќе се изврши проширување на планскиот опфат и вклопување на бесправните објекти изградени во КО Крстоар во идна урбанистичко планска документација

1. Ја објавувам Одлуката за утврдување на потреба за донесување на урбанистичко планска документација со која ќе се изврши проширување на планскиот опфат и вклопување на бесправните објекти изградени во КО Крстоар во идна урбанистичко планска документација, донесена на седницата на Советот на

Општината Битола одржана на 07.09.2018 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр. 08-720/23 ГРАДОНАЧАЛНИК
12.09.2018 год. на Општината Битола,
Б и т о л а м-р Наташа Петровска

Врз основа на член 2 став 2 од Правилникот за стандарди за вклопување на бесправни објекти во урбанистичко планска документација („Сл. Весник на РМ“ бр. 56/2011......52/16) и член 70 од Статутот на Општината Битола („Сл. Гласник на Општината Битола“ бр. 10/05 и 17/08), Советот на Општината Битола на седницата одржана на 07.09.2018 година, донесе

## О Д Л У К А
## за утврдување на потреба за донесување на урбанистичко планска документација со која ќе се изврши проширување на планскиот опфат и вклопување на бесправните објекти изградени во КО Крстоар во идна урбанистичко планска документација

### Член 1

Со оваа Одлука се утврдува потреба од донесување на урбанистичко планска документација со која ќе се изврши проширување на планскиот опфат и вклопување на бесправниот објект со намена А-домување во идна урбанистичко планска документација:

УП 1 бр.27-2131/2016**, КП бр.914/2 КО Крстоар** (Гоце Трајковски) згр.бр.1 и 2 (А4-3)

### Член 2

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе биде објавена во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр.09-124/25 ПРЕТСЕДАТЕЛ
07.09.2018 г. на Советот на Општината Битола
Б и т о л а Валентин Груевски

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ” бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола” бр. 10/05 и 17/08), донесувам

## З А К Л У Ч О К
## за објавување на Одлуката за утврдување на потреба за донесување на урбанистичко планска документација со која ќе се изврши проширување на планскиот опфат и вклопување на бесправните објекти изградени во КО Кукуречани во идна урбанистичко планска документација

1. Ја објавувам Одлуката за утврдување на потреба за донесување на урбанистичко планска документација со која ќе се изврши проширување на планскиот опфат и вклопување на бесправните објекти изградени во КО Кукуречани во идна урбанистичко планска документација, донесена на седницата на Советот на Општината Битола одржана на 07.09.2018 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр. 08-720/24 ГРАДОНАЧАЛНИК
12.09.2018 год. на Општината Битола,
Б и т о л а м-р Наташа Петровска

Врз основа на член 2 став 2 од Правилникот за стандарди за вклопување на бесправни објекти во урбанистичко планска документација („Сл. Весник на РМ“ бр. 56/2011......52/16) и член 70 од Статутот на Општина Битола („Сл. Гласник на Општината Битола“ бр. 10/05 и 17/08), Советот на Општинта Битола на седницата одржана на 07.09.2018 годин, донесе

## О Д Л У К А
## за утврдување на потреба за донесување на урбанистичко планска документација со која ќе се изврши проширување на планскиот опфат и вклопување на бесправните објекти изградени во КО Кукуречани во идна урбанистичко планска документација

### Член 1

Со оваа Одлука се утврдува потреба од донесување на урбанистичко планска документација со која ќе се изврши проширување на планскиот опфат и вклопување на бесправните објекти со намена А-домување во идна урбанистичко планска документација:

УП 1 бр.27-2786/2016**, КП бр.2099 КО Кукуречани** згр бр.1 (А5-1)
**КП бр.2088**
(Стребре Ѓешовски)

УП 1 бр.27-5144/2011**, КП бр.2565 КО Кукуречани** згр бр.2 и 5 (А1)
(Бранко Паликуќовски)

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе биде објавена во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр.09-124/26 ПРЕТСЕДАТЕЛ
07.09.2018 г. на Советот на Општината Битола
Битола Валентин Груевски

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ” бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола” бр. 10/05 и 17/08), донесувам

## ЗАКЛУЧОК
## за објавување на Одлуката за утврдување на потреба за донесување на урбанистичко планска документација со која ќе се изврши проширување на планскиот опфат и вклопување на бесправните објекти изградени во КО Олевени во идна урбанистичко планска документација

1. Ја објавувам Одлуката за утврдување на потреба за донесување на урбанистичко планска документација со која ќе се изврши проширување на планскиот опфат и вклопување на бесправните објекти изградени во КО Олевени во идна урбанистичко планска документација, донесена на седницата на Советот на Општината Битола одржана на 07.09.2018 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр. 08-720/25 ГРАДОНАЧАЛНИК
12.09.2018 год. на Општината Битола,
Битола м-р Наташа Петровска

Врз основа на член 2 став 2 од Правилникот за стандарди за вклопување на бесправни објекти во урбанистичко планска документација („Сл. Весник на РМ“ бр. 56/2011......52/16) и член 70 од Статутот на Општината Битола („Сл. Гласник на Општината Битола“ бр. 10/05 и 17/08), Советот на Општината Битола на седницата одржана на 07.09.2018 година, донесе

## ОДЛУКА
## за утврдување на потреба за донесување на урбанистичко планска документација со која ќе се изврши проширување на планскиот опфат и вклопување на бесправните објекти изградени во КО Олевени во идна урбанистичко планска документација

**Член 1**

Со оваа Одлука се утврдува потреба од донесување на урбанистичко планска документација со која ќе се изврши проширување на планскиот опфат и вклопување на бесправните објекти со намена А-домување во идна урбанистичко планска документација:

УП1 бр.27-2110/2016**, КП бр. 84/3 КО Олевени**
(Менка Волк) згр. бр.1 (А1-1) и бр.2 (А5-4)

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе биде објавена во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр.09-124/27 ПРЕТСЕДАТЕЛ
07.09.2018 г. на Советот на Општината Битола
Битола Валентин Груевски

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ” бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола” бр. 10/05 и 17/08), донесувам

## ЗАКЛУЧОК
## за објавување на Одлуката за утврдување на потреба за донесување на урбанистичко планска документација со која ќе се изврши проширување на планскиот опфат и вклопување на бесправните објекти изградени во КО Маловиште во идна урбанистичко планска документација

1. Ја објавувам Одлуката за утврдување на потреба за донесување на урбанистичко планска

документација со која ќе се изврши проширување на планскиот опфат и вклопување на бесправните објекти изградени во КО Маловиште во идна урбанистичко планска документација, донесена на седницата на Советот на Општината Битола одржана на 07.09.2018 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр. 08-720/26 ГРАДОНАЧАЛНИК
12.09.2018 год. на Општината Битола,
Б и т о л а м-р Наташа Петровска

Врз основа на член 2 став 2 од Правилникот за стандарди за вклопување на бесправни објекти во урбанистичко планска документација („Сл. Весник на РМ“ бр. 56/2011......52/16) и член 70 од Статутот на Општината Битола („Сл. Гласник на Општината Битола“ бр. 10/05 и 17/08), Советот на Општината Битола на седницата одржана на 07.09.2018 година, донесе

## О Д Л У К А
## за утврдување на потреба за донесување на урбанистичко планска документација со која ќе се изврши проширување на планскиот опфат и вклопување на бесправните објекти изградени во КО Маловиште во идна урбанистичко планска документација

**Член 1**

Со оваа Одлука се утврдува потреба од донесување на урбанистичко планска документација со која ќе се изврши проширување на планскиот опфат и вклопување на бесправните објекти со намена А-домување во идна урбанистичко планска документација:

УП 1 бр.27-10290/2011**, КП бр.22 КО Маловиште** (Христо Ангела) згр. бр. 1 (А0-2)

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе биде објавена во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр.09-124/28 ПРЕТСЕДАТЕЛ
07.09.2018 г. на Советот на Општината Битола
Б и т о л а Валентин Груевски

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ” бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола” бр. 10/05 и 17/08), донесувам

## З А К Л У Ч О К
## за објавување на Одлуката за утврдување на потреба за донесување на урбанистичко планска документација со која ќе се изврши проширување на планскиот опфат и вклопување на бесправните објекти изградени во КО Трново во идна урбанистичко планска документација

1. Ја објавувам Одлуката за утврдување на потреба за донесување на урбанистичко планска документација со која ќе се изврши проширување на планскиот опфат и вклопување на бесправните објекти изградени во КО Трново во идна урбанистичко планска документација, донесена на седницата на Советот на Општината Битола одржана на 07.09.2018 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр. 08-720/27 ГРАДОНАЧАЛНИК
12.09.2018 год. на Општината Битола,
Б и т о л а м-р Наташа Петровска

Врз основа на член 2 став 2 од Правилникот за стандарди за вклопување на бесправни објекти во урбанистичко планска документација („Сл. Весник на РМ“ бр. 56/2011......52/16) и член 70 од Статутот на Општината Битола („Сл. Гласник на Општината Битола“ бр. 10/05 и 17/08), Советот на Општината Битола на седницата одржана на 07.09.2018 година, донесе

## О Д Л У К А
## за утврдување на потреба за донесување на урбанистичко планска документација со која ќе се изврши проширување на планскиот опфат и вклопување на бесправните објекти изградени во КО Трново во идна урбанистичко планска документација

**Член 1**

Со оваа Одлука се утврдува потреба од донесување на урбанистичко планска документација со која ќе се изврши проширување на планскиот опфат и вклопување на бесправните

објекти со намена А-домување во идна урбанистичко планска документација:

УП1 бр.27-7178/2011**, КП бр.388/10 КО Трново – вон г.р.** згр. бр. 1 (А4-3)
(Ратка Ќурчиевска)

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе биде објавена во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр.09-124/29 ПРЕТСЕДАТЕЛ
07.09.2018 г. на Советот на Општината Битола
Б и т о л а Валентин Груевски

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ” бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола” бр. 10/05 и 17/08), донесувам

## З А К Л У Ч О К
## за објавување на Одлуката за утврдување на потреба за донесување на урбанистичко планска документација со која ќе се изврши проширување на планскиот опфат и вклопување на бесправните објекти изградени во КО Бистрица во идна урбанистичко планска документација

1. Ја објавувам Одлуката за утврдување на потреба за донесување на урбанистичко планска документација со која ќе се изврши проширување на планскиот опфат и вклопување на бесправните објекти изградени во КО Бистрица во идна урбанистичко планска документација, донесена на седницата на Советот на Општината Битола одржана на 07.09.2018 година.
2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр. 08-720/28 ГРАДОНАЧАЛНИК
12.09.2018 год. на Општината Битола,
Б и т о л а м-р Наташа Петровска

Врз основа на член 2 став 2 од Правилникот за стандарди за вклопување на бесправни објекти во урбанистичко планска документација („Сл. Весник на РМ“ бр. 56/2011......52/16) и член 70 од Статутот на Општината Битола („Сл. Гласник на Општината Битола“ бр. 10/05 и 17/08), Советот на Општината Битола на седницата одржана на 07.09.2018 година, донесе

## О Д Л У К А
## за утврдување на потреба за донесување на урбанистичко планска документација со која ќе се изврши проширување на планскиот опфат и вклопување на бесправните објекти изградени во КО Бистрица во идна урбанистичко планска документација

**Член 1**

Со оваа Одлука се утврдува потреба од донесување на урбанистичко планска документација со која ќе се изврши проширување на планскиот опфат и вклопување на бесправните објекти со намена А-домување во идна урбанистичко планска документација:

УП1 бр.27-490/2016**, КП бр.140 КО Бистрица**
(Крсте Манивиловски) згр.бр.1 (А1-1) и бр.2 (А5-4)

УП1 бр.27-960/2016**, КП бр.1336/1 КО Бистрица**
(Крсте Манивиловски) згр.бр.1 (А1-1)

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе биде објавена во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр.09-124/30 ПРЕТСЕДАТЕЛ
07.09.2018 г. на Советот на Општината Битола
Б и т о л а Валентин Груевски

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ” бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола” бр. 10/05 и 17/08), донесувам

## З А К Л У Ч О К
## за објавување на Одлуката за утврдување на потреба за донесување на урбанистичко планска документација со која ќе се изврши проширување на планскиот опфат и вклопување на бесправните објекти изградени во КО Долно Оризари во идна урбанистичко планска документација

1. Ја објавувам Одлуката за утврдување на потреба за донесување на урбанистичко планска документација со која ќе се изврши проширување на планскиот опфат и вклопување на бесправните објекти изградени во КО Долно Оризари во идна урбанистичко планска документација, донесена на седницата на Советот на Општината Битола одржана на 07.09.2018 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола".

Бр. 08-720/29 ГРАДОНАЧАЛНИК
12.09.2018 год. на Општината Битола,
Б и т о л а м-р Наташа Петровска

Врз основа на член 2 став 2 од Правилникот за стандарди за вклопување на бесправни објекти во урбанистичко планска документација („Сл. Весник на РМ" бр. 56/2011......52/16) и член 70 од Статутот на Општината Битола („Сл. Гласник на Општината Битола" бр. 10/05 и 17/08), Советот на Општината Битола на седницата одржана на 07.09.2018 година, донесе

## О Д Л У К А
## за утврдување на потреба за донесување на урбанистичко планска документација со која ќе се изврши проширување на планскиот опфат и вклопување на бесправните објекти изградени во КО Долно Оризари во идна урбанистичко планска документација

### Член 1

Со оваа Одлука се утврдува потреба од донесување на урбанистичко планска документација со која ќе се изврши проширување на планскиот опфат и вклопување на бесправните објекти со намена А-домување во идна урбанистичко планска документација:

УП1 бр.27-3809/2011, **КП бр. 1713 КО Долно Оризари** згр.бр.1 (А1-1)
(Ваница Милошевска)

УП1 бр.27-6650/2011, **КП бр. 1712 КО Долно Оризари** згр.бр.1 (А1-1), и бр.2 (А5-4)
(Златко Божиноски)

УП1 бр.27-1500/2016, **КП бр. 1687 КО Долно Оризари** згр.бр.1 (А1-1)
(Гордан Лозановски)

### Член 2

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе биде објавена во „Службен гласник на Општината Битола".

Бр.09-124/31 ПРЕТСЕДАТЕЛ
07.09.2018 г. на Советот на Општината Битола
Б и т о л а Валентин Груевски

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ" бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола" бр. 10/05 и 17/08), донесувам

## З А К Л У Ч О К
## за објавување на Решението за давање согласност на Одлуката на Управниот одбор на ЈП „Комуналец" Битола за продажба по пат на јавно наддавање на мермер, гранитни плочки и др.

1. Го објавувам Решението за давање согласност на Одлуката на Управниот одбор на ЈП „Комуналец" Битола за продажба по пат на јавно наддавање на мермер, гранитни плочки и др., донесено на седницата на Советот на Општината Битола одржана на 07.09.2018 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола".

Бр. 08-720/30 ГРАДОНАЧАЛНИК
12.09.2018 год. на Општината Битола,
Б и т о л а м-р Наташа Петровска

Врз основа на член 11 од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на РМ„ бр.38/96...64/18), член 36 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ„ бр.05/02) и член 70 од Статутот на Општина Битола („Службен гласник на Општина Битола" бр. 10/05 и 17/08), Советот на Општината Битола на седницата одржана на 07.09.2018 година, донесе

## Р Е Ш Е Н И Е
## за давање согласност на Одлуката на Управниот одбор на ЈП „Комуналец“ Битола за продажба по пат на јавно наддавање на мермер, гранитни плочки и др.

1. СЕ ДАВА СОГЛАСНОСТ на Одлуката на Управниот одбор на ЈП „Комуналец“ Битола за продажба по пат на јавно наддавање на мермер, гранитни плочи и др., бр.02-466/5 од 27.06.2018 година.

2. Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе биде објавено во „Службен гласник на Општина Битола”.

Бр.09-124/32 ПРЕТСЕДАТЕЛ
07.09.2018 г. на Советот на Општината Битола
Б и т о л а Валентин Груевски

Врз основа на член 50 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија„ бр.5/2002), и член 93 в, од Законот за средното образование („Службен весник на Република Македонија“ бр. 44/1995, 24/1996, 34/1996, 35/1997, 82/1999, 29/2002, 40/2003, 42/2003, 67/2004, 55/2005, 113/2005, 35/2006, 30/2007, 49/2007, 81/2008, 92/2008, 33/2010, 116/2010, 156/2010, 18/2011, 42/2011, 51/2011, 6/2012, 100/2012, 24/2013, 41/2014, 116/2014, 135/2014, 10/2015, 98/2015 ,145/2015, 30/2016, 127/2016, 67/2017,64/18) Градоначалникот на Општина Битола , донесе

# РЕШЕНИЕ

**за разрешување на ВД Директор на Средно општинско училиште „Таки Даскало„ “ Битола**

1. **Елизабета Наумовска** ВД Директор на СОУ „Таки Даскало„ Битола **се разрешува** од функцијата ВД Директор заклучно со 03.06.2018 година, поради завршување на мандат.

2.Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник„ на Општина Битола„.

**Образложение**

Со Решение за именување на ВД Директор на Средното општинско училиште „Таки Даскало„ Битола, бр.08- 991/3 од 04.12.2017 година, за ВД Директор е избран Елизабета Наумовска.
Имајки го во предвид фактот што мандатот на ВД директорот е завршен, се одлучи како во диспозитивот на решението.

Примерок од Решението да се достави до архивата на Средното општинско училиште „Таки Даскало„ Битола, до архивата на општинската администрација и еден примерок на разрешениот В.Д. Директор .

**Бр. 08- 460/1**
**04.06.2018 година**
**Битола**

**ОПШТИНА БИТОЛА**
**Градоначалник**
**м-р Наташа Петровска**

Врз основа на член 50 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија„ бр.5/2002), и член 93 в, од Законот за средното образование („Службен весник на Република Македонија" бр. 44/1995, 24/1996, 34/1996, 35/1997, 82/1999, 29/2002, 40/2003, 42/2003, 67/2004, 55/2005, 113/2005, 35/2006, 30/2007, 49/2007, 81/2008, 92/2008, 33/2010, 116/2010, 156/2010, 18/2011, 42/2011, 51/2011, 6/2012, 100/2012, 24/2013, 41/2014, 116/2014, 135/2014, 10/2015, 98/2015 ,145/2015, 30/2016, 127/2016, 67/2017, 64/18) Градоначалникот на Општина Битола , донесе

# РЕШЕНИЕ

**за именување на ВД Директор на Средно општинско училиште „Таки Даскало„ Битола**

1.За ВД Директор на СОУ „Таки Даскало„ Битола **СЕ ИМЕНУВА**
**Елизабета Наумовска**, ВСС досегашен ВД Директор во училиштето.

2.Функцијата В.Д. Директор ја превзема од 04.06.2018 година.

3.В.Д. Директорот ги врши работите до именувањето на нов Директор, но не подолго од 6 (шест) месеци од денот на негово именување.

4.Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Битола„.

**Образложение**

Поради обезбедување на континуитет во Средното општинско училиште „Таки Даскало„ Битола, имајки го во предвид фактот што мандатот на ВД директорот е завршен согласно член 93 -в од Законот за средно образование, Градоначалникот именува В.Д. Директор.

Од горенаведеното се одлучи како во диспозитивот на ова решение.

Примерок од Решението да се достави до архивата на Средното општинско училиште „Таки Даскало„ Битола, до архивата на општинската администрација и избраниот В.Д. Директор.

**Бр. 08-** 460/2
**04.06.2018 година**
**Битола**

**ОПШТИНА БИТОЛА**
**Градоначалник**
**м-р Наташа Петровска**

Врз основа на член 50 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија„ бр.5/2002), и член 135 од Закон за основното образование („Службен весник на Република Македонија“ бр. 103/2008, 33/2010, 116/2010, 156/2010, 18/2011, 42/2011, 51/2011, 6/2012, 100/2012, 24/2013, 41/2014, 116/2014, 135/2014, 10/2015, 98/2015, 145/2015, 30/2016 , 127/16 , 67/17 и 64/2018 ) Градоначалникот на Општина Битола , донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за разрешување на ВД Директор на основно училиште**
**„Гоце Делчев, Битола**

1. **Се разрешува Зора Дамјанова** досегашен ВД Директор на Основното училиште „Гоце Делчев„ Битола од функцијата ВД Директор на училиштето заклучно со 07.06.2018 г.

2. Се задолжува разрешениот ВД Директор да изврши примопредавање на должноста со именованиот ВД Директор согласно законските прописи.

3.Ова решение влегува во сила со донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола„.

**О б р а з л о ж е н и е**

Со Решение за избор на ВД Директор на ОУ „Гоце Делчев„ Битола бр.08-993/3 од 06.12.2017 година Зора Дамјанова беше избран за ВД Директор на училиштето.
Со оглед дека мандатот на ВД Директорот заврши се одлучи како во диспозитивот на решението.

**Бр.08-470/1**
**08.06.2018 год.**
**Битола**

**Г р а д о н а ч а л н и к**
**на Општина Битола**
**м-р Наташа Петровска**

Врз основа на член 50 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија„ бр.5/2002), и член 135 од Закон за основното образование („Службен весник на Република Македонија“ бр. 103/2008, 33/2010, 116/2010, 156/2010, 18/2011, 42/2011, 51/2011, 6/2012, 100/2012, 24/2013, 41/2014, 116/2014, 135/2014, 10/2015, 98/2015, 145/2015, 30/2016 , 127/16 , 67/17 и 64/2018 ) Градоначалникот на Општина Битола , донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за именување ВД Директор на основно училиште**
**„Гоце Делчев„ Битола**

1. За В.Д. Директор на ОУ „ Гоце Делчев„ Битола **се именува** Биљана Стојковска Дипломиран учител вработен во училиштето.

Функцијата В.Д. Директор ја превзема од 08.06.2018 година.

2. ВД Директор ги врши работите до именување на нов Директор , но не подолго од 6 месеци од денот на неговото именување.

3. Новоименуваниот ВД Директор со разрешениот ВД Директор да извршат примопредавање на правата и должностите , а во согласност со позитивните прописи.

4. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола„.

**О б р а з л о ж е н и е**

Поради обезбедување на континуитет во Основното училиште „Гоце Делчев„ Битола, а по престанокот на мандатот на досегашниот ВД Директор согласно член 135 од Законот за основно образование, Градоначалникот именува В.Д. Директор.

Од погоренаведеното се одлучи како во диспозитивот на решениeто.

**Бр.08- 470/2**
**08.06.2018 год.**
**Битола**

**Г р а д о н а ч а л н и к**
**на Општина Битола**
**м-р Наташа Петровска**

Врз основа на член 50 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија„ бр.5/2002), и член 93 в, од Законот за средното образование („Службен весник на Република Македонија“ бр. 44/1995, 24/1996, 34/1996, 35/1997, 82/1999, 29/2002, 40/2003, 42/2003, 67/2004, 55/2005, 113/2005, 35/2006, 30/2007, 49/2007, 81/2008, 92/2008, 33/2010, 116/2010, 156/2010, 18/2011, 42/2011, 51/2011, 6/2012, 100/2012, 24/2013, 41/2014, 116/2014, 135/2014, 10/2015, 98/2015 ,145/2015, 30/2016, 127/2016, 67/2017,64/18) Градоначалникот на Општина Битола , донесе

# РЕШЕНИЕ

**за разрешување на ВД Директор на Средно општинско економско училиште „Јане Сандански„ Битола**

1. **Александар Цветкоски** ВД Директор на СОЕУ „Јане Сандански„ Битола **се разрешува** од функцијата ВД Директор заклучно со 11.06.2018 година, поради завршување на мандат.

2.Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник„ на Општина Битола„.

**Образложение**

Со Решение за именување на ВД Директор на Средното општинско економско училиште ‚Јане Сандански„ Битола, бр.08- 1008/3 од 11.12.2017 година, за ВД Директор е избран Александар Цветкоски.
Имајки го во предвид фактот што мандатот на ВД директорот е завршен, се одлучи како во диспозитивот на решението.

Примерок од Решението да се достави до архивата на Средното општинско економско училиште „Јане Сандански„ Битола, до архивата на општинската администрација и еден примерок на разрешениот В.Д. Директор.

**Бр. 08-** 476/1
**11.06.2018 година**
**Битола**

**ОПШТИНА БИТОЛА**
**Градоначалник**
**м-р Наташа Петровска**

Врз основа на член 50 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија„ бр.5/2002), и член 93 в, од Законот за средното образование („Службен весник на Република Македонија" бр. 44/1995, 24/1996, 34/1996, 35/1997, 82/1999, 29/2002, 40/2003, 42/2003, 67/2004, 55/2005, 113/2005, 35/2006, 30/2007, 49/2007, 81/2008, 92/2008, 33/2010, 116/2010, 156/2010, 18/2011, 42/2011, 51/2011, 6/2012, 100/2012, 24/2013, 41/2014, 116/2014, 135/2014, 10/2015, 98/2015 ,145/2015, 30/2016, 127/2016, 67/2017, 64/18) Градоначалникот на Општина Битола , донесе

# РЕШЕНИЕ

**за именување на В.Д. Директор на Средното општинско економско училиште „Јане Сандански„ Битола**

1. За В.Д. Директор на СОЕУ „Јане Сандански„ Битола **се именува Александар Цветкоски** Дипломиран економист вработен во училиштето.

2.Функцијата В.Д. Директор ја превзема од 12.06.2018 година.

3.В.Д. Директор ги врши работите до именувањето на нов Директор, но не подолго од 6 (шест) месеци од денот на негово именување.

4.Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Битола„.

## Образложение

Поради обезбедување на континуитет во Средното општинско економско училиште „Јане Сандански„ Битола, имајки го во предвид фактот што мандатот на ВД директорот е завршен согласно член 93 -в од Законот за средно образование, Градоначалникот именува В.Д. Директор.

Од горенаведеното се одлучи како во диспозитивот на ова решение.

Примерок од Решението да се достави до архивата на Средното општинско економско училиште „Јане Сандански„ Битола, до архивата на општинската администрација и избраниот В.Д. Директор .

**Бр. 08-** 476/2
**11.06.2018 година**
**Битола**

**ОПШТИНА БИТОЛА**
**Градоначалник**
**м-р Наташа Петровска**

Врз основа на член 50 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија„ бр.5/2002), и член 93 в, од Законот за средното образование („Службен весник на Република Македонија“ бр. 44/1995, 24/1996, 34/1996, 35/1997, 82/1999, 29/2002, 40/2003, 42/2003, 67/2004, 55/2005, 113/2005, 35/2006, 30/2007, 49/2007, 81/2008, 92/2008, 33/2010, 116/2010, 156/2010, 18/2011, 42/2011, 51/2011, 6/2012, 100/2012, 24/2013, 41/2014, 116/2014, 135/2014, 10/2015, 98/2015 ,145/2015, 30/2016, 127/2016, 67/2017,64/18) Градоначалникот на Општина Битола , донесе

# РЕШЕНИЕ

**за разрешување на ВД Директор на Средно општинско техничко училиште „Ѓорѓи Наумов„ Битола**

1. **Владимир Роме** ВД Директор на СОТУ „Ѓорѓи Наумов„ Битола **се разрешува** од функцијата ВД Директор заклучно со 12.06.2018 година, поради завршување на мандат

2.Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник„ на Општина Битола„.

## Образложение

Со Решение за именување на ВД Директор на Средното општинско техничко училиште „Ѓорѓи Наумов„ Битола, бр.08- 1020/2 од 12.12.2017 година, за ВД Директор е избран Владимир Роме.
Имајќи го во предвид фактот што мандатот на ВД директорот е завршен, се одлучи како во диспозитивот на решението.

Примерок од Решението да се достави до архивата на Средното општинско техничко училиште „Ѓорѓи Наумов„ Битола, до архивата на општинската администрација и еден примерок на разрешениот В.Д. Директор.

**Бр. 08- 477/1**
**11.06.2018 година**
**Битола**

**ОПШТИНА БИТОЛА**
**Градоначалник**
**м-р Наташа Петровска**

Врз основа на член 50 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија„ бр.5/2002), и член 93 в, од Законот за средното образование („Службен весник на Република Македонија" бр. 44/1995, 24/1996, 34/1996, 35/1997, 82/1999, 29/2002, 40/2003, 42/2003, 67/2004, 55/2005, 113/2005, 35/2006, 30/2007, 49/2007, 81/2008, 92/2008, 33/2010, 116/2010, 156/2010, 18/2011, 42/2011, 51/2011, 6/2012, 100/2012, 24/2013, 41/2014, 116/2014, 135/2014, 10/2015, 98/2015 ,145/2015, 30/2016, 127/2016, 67/2017, 64/18) Градоначалникот на Општина Битола , донесе

# РЕШЕНИЕ

**за именување на В.Д. Директор на Средно општинско техничко училиште „Ѓорѓи Наумов„ Битола**

1. За В.Д. Директор на СОТУ „Ѓорѓи Наумов„ Битола **се именува Владимир Роме** Дипломиран електротехнички инженер вработен во училиштето.

2.Функцијата В.Д. Директор ја превзема од 13.06.2018 година.

3.В.Д. Директор ги врши работите до именувањето на нов Директор, но не подолго од 6 (шест) месеци од денот на негово именување.

4.Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Битола„.

**Образложение**

Поради обезбедување на континуитет во Средното општинско техничко училиште „Ѓорѓи Наумов„ Битола, имајќи го во предвид фактот што мандатот на ВД директорот е завршен согласно член 93 -в од Законот за средно образование, Градоначалникот именува В.Д. Директор.

Од горенаведеното се одлучи како во диспозитивот на ова решение.

Примерок од Решението да се достави до архивата на Средното општинско техничко училиште „Ѓорѓи Наумов„ Битола, до архивата на општинската администрација и избраниот В.Д. Директор .

**Бр. 08- 477/2**
**11.06.2018 година**
**Битола**

**ОПШТИНА БИТОЛА**
**Градоначалник**
**м-р Наташа Петровска**

Врз основа на член 50 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на РМ „ 5/02, и член 128 и 132 од Законот за основно образование, („Службен весник на РМ„ 103/08, 48/09, 53/09, 82/09, 88/09, 33/10, 116/10, 156/10, 18/11, 42/11, 51/11, 6/12, 100/12, 24/13, 41/14, 116/14, 135/14, 10/15, 98/2015, 145/2015, 30/2016, 127/2016, 67/2017 и 64/2018) Градоначалникот на Општината Битола донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за избор на Директор на Основно училиште„ Александар Турунцев„ с. Кукуречани Битола**

1.За Директор на ОУ „Александар Турунцев„ с. Кукуречани Битола се избира Бранка Лазаревска Дипломиран професор по математика со положен испит за директор, вработена во основното училиште.

2. Мандатот на Директорот трае 4 години .

3. Решението влегува во сила со донесувањето и ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола„

**О б р а з л о ж е н и е**

Градоначалникот на Општината донесе Одлука за распишување на Јавен оглас за избор на Директор на основното училиште. Училишниот одбор распиша Јавен оглас . По објавениот Јавен оглас за избор на Директор во основното училиште, Училишниот одбор достави предлог до Градоначалникот – Записник бр.02 -14/9 од 11.06.2018 со пропратен допис бр. 03-152/1 од 11.06.2018 г.заведено во општината Битола под бр. 08-441/2 од 11.06.2018 г. со кој предлог за Директор на основното училиште е предложен кандидатот Бранка Лазаревска - ВСС Дипломиран професор по математика со положен испит за директор, вработен во основното училиште, кој воедно е и единствениот кандидат пријавен по огласот.

Согласно член 50 од Законот за локална самоуправа Градоначалникот избира Директори на јавни служби кои ги основала општината.
Согласно член 128 и 132 , од Законот за основно образование, Директорот на училиштето го избира Градоначалникот на Општината.

Мандатот на Директорот трае 4 години.

